# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ


| Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров Излегува по потреба | 14 Јули 2017 година Скопје Бр.10 Год. XII |
|---|---|

www.opstinagpetrov.gov.mk kontakt@opstinagpetrov.gov.mk

Издавач: Општина Ѓорче Петров
ул.Ѓорче Петров бр.73
Уредува: Одделение за нормативно-правни работи и работа со Советот
тел. 02/2039-307 ; 02/2039-308
фах. 02/2033-309


*Содржина:*


1. Предлог-Одлука за давање согласност за продажба на деловен простор или делови на истиот во тек на градба..................................................................стр.2


**Јули 2017 година**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување Одлука за давање согласност за продажба на деловен простор или делови на истиот во тек на градба**

Се објавува Одлуката за согласност за продажба на деловен простор или делови на истиот во тек на градба, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Шеесет и деветтата седница на Советот, одржана на ден 14.07.2017 година.

**Број 09-2074/1**
**од 14.07.2017 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 и член 67 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на Република Македонија" бр. 05/02), член 16 став 1 точка 10 од Статутот на Општината "Ѓорче Петров" - Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/13), Статутарната одлука за измена и дополнување на статututот на Општина Ѓорче Петров „Службен Весник" бр 13/14) и член 3 став 7 од Договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство за изградба на администаративно-деловна зграда и подземен паркинг простор со општина Ѓорче Петров број 03-121/19 од 26.06.2013 година, Советот на Општина Ѓорче Петров на 69-тата седница, одржана на ден 14.07.2017 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за давање согласност за продажба на деловен простор**
**или делови на истиот во тек на градба**

**Член 1**

Јавниот партнер Општина Ѓорче Петров е согласен делот од објектот во градба подетално опишан во Договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство за изградба на административно-деловна зграда и подземен паркинг простор, кој треба да припадне на Приватниот партнер Друштвото за градежништво транспорт и трговија ТРАНСМЕТ ДОО Скопје, со сите негови прирастоци и припадоци кој лежи на КП 6221/1 заведен во Лист за предбележување на градба бр. 95290 КО Ѓорче Петров 6, кој се гради согласно Одобрение за градење бр. УП 124-502 од 17.10.2014 година, да може Приватниот партнер Друштвото ТРАНСМЕТ ДОО Скопје, да го продава на трети лица во текот на градбата.

**Член 2**

Приватниот партнер-Трансмет ДОО Скопје, може да склучува поединечни купопродажен договор со кои ќе може да врши продажба на деловениот простор или делови од истиот во текот на градба опишан во член 1 од оваа одлука, само доколку има обезбедено согласност од банката од која има одобрено кредит кој е обезбеден со хипотека врз делот кој треба да му припадне на Приватниот партнер по завршување на градбата.

**Член 4**

Одлуката стапува во сила со денот на објавување во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 08-2048/3**
**од 14.07.2017 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Гоце Петрески с.р.**